РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-98/6
24.10. 2014 год.
СКОПЈЕ

Фондација за наука култура и уметност
ШАРВАРДАР Гостивар

| Примено: | 02.11.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 40/01 | | |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 31. седница одржана на 23.06.2014 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за основање и акредитација нова приватна високообразовна установа Меѓународен Универзитет ВИЗИОН , Гостивар

1. Се акредитира приватна високобразовна установа Меѓународен Универзитет ВИЗИОН.
2. Основач на Високообразовната установа Меѓународен Универзитет ВИЗИОН е Фондација за наука, култура и уметност „ШАР ВАРДАР", домашно правно лице со седиште „Ул. Мајор Чеде Филипоски" бр. 1 Гостивар.
3. Акредитацијата од член 1 на ова Решение се дава на Високообразовната установа Меѓународен Универзитет ВИЗИОН, за подрчја од Природно - математички науки, Техничко - технолошки науки, Општествени науки.
4. Наставен јазик на кој ке се изведува наставата е: македонски, англиски и турски јазик.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Фондација за наука, култура и уметност „ШАР ВАРДАР" поднесе Предлог одлука и елаборат за основање нова високообразовна установа Меѓународен Универзитет ВИЗИОН, потпишана од доц. д-р Менсур Нуредини, на 10.06.2014 година го поднесе елаборатот до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Одборот за акредитација и евалуација на меѓуседница 30/31 формира експертска комисија за оценка на доставениот проект и на 31 седница одржана на 23.06.2014 година, врз основа Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009, бр.83/2009, бр.99/2009, бр.115/2010, бр.17/2011, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14,), Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010), Класификација на научно- истражувачките

подрачја, полиња и области според меѓународната фраскатиева класификација (,,Службен весник на Република Македонија” бр.103/2010), Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр.151/2012). Правилникот за задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (,,Службен весник на Република Македонија” бр.25/11) Одборот за акредитација и евалуација одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски